## Ризик од промена на каматна стапка

**Показатели:** **1.Рочност на портфолио**

| | |
|---|---|
| Датум | 31.12.2024 |
| Рочност на портфолио (во години) | 10.76 |

Рочноста на портфолиото на должничките хартии од вредност кои се евидентираат како расположливи за продажба или се чуваат за тргување во портфолиото на задолжителнните пензиски фондови на 31.12.2024 година изнесува 10,76 години што значи зголемување во однос на 30.06.2024 година. Со тоа се задржува високото ниво на изложеност на промената на каматата стапка бидејќи во услови на раст на каматните стапки, се зголемува значењето на ризикот поради можните загуби на економската вредност на портфолиото на должнички хартии од вредност кои се евидентираат како расположливи за продажба или се чуваат за тргување.

Сепак, бидејќи половина од портфолиото на должнички финансиски инструменти на задолжителните пензиски фондови се мерат по амортизираната вредност промените на пазарните каматни стапки не се одразуваат непосредно врз нивното вреднување.




**Методологија и податоци:**

За оцена на овој ризик Агенцијата усвои параметар рочност на портфолиото на должничките хартии од вредност кои се евидентираат како расположливи за продажба или се чуваат за тргување во портфолиото на задолжителните пензиски фондови и истиот го претставува просечното време на исплаќање на паричните текови на обврзниците и се мери во години. Овој индикатор зависи од каматната стапка и времето на поединечните парични текови. Промената на каматната стапка има позначајно влијание на инвестициите со подолг рок во однос на инвестициите со пократок рок.